# ОБЈАСНУВАЊЕ КАКО ДА ГО ПОПОЛНИТЕ ОБРАЗЕЦОТ ЗА КРОЕЊЕ - ЗА EXCEL ДОКУМЕНТ ИЛИ ПЕЧАТЕН ОБРАЗЕЦ

СОЛОПРОМ

***Во ова поле се пополнува подружницата каде сакате да се крои и подига нарачаниот материјал.***

*Excel документ: Кликнете на зеленото поле и одберете подружница.*

*Во печатен образец: Напишете Бутел или Кисела Вода*

**КРОЈНА ЛИСТА**

Одберете во која подружница да се работи налогот
→→→→→ Солопром Бутел

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | | КЛИЕНТ | Овде внесете Ваше име или Фирма | | | | ШИФРА НА ДЕКОР | | | | ДЕБЕЛИНА |
| 13 | | ТЕЛЕФОН | Вашиот мобилен телефон за контакт | | | | Шифра на декорот кој се крои | | | | Дебелина на таблата |
| 14 | Број | Единица мерка мм | | Број на | Текстура | Прва димензија кант | | Втора димензија кант | | | Дополнително |
| 15 | | Прва дим. | Втора дим. | парчиња | битна (1) | Страна 1 | Страна 2 | Страна 1 | Страна 2 | | (Ровер) |
| 16 | 1 | | | | | | | | | | |
| 17 | 2 | | | | | | | | | | |

***Во овие полиња се пополнуваат димензиите и бројот на парчињата кои се кројат.***

*Секое парче има две димензии:*

*Прва димензија = Должина* *Втора димензија = Ширина*




*1000 x 500 mm*




*500 x 1000 mm*

*Разликата помеѓу двете парчиња горе е во правецот на годовите на дрвото.*

*На првото парче годовите се по должина од 1000 мм, а на второто, годовите се по должина од 500 мм.*

*Доколку декорот има правец/годови, и овој детаљ е битен за севкупниот изглед на мебелот кој го правите, тогаш табелата се пополнува на следниот начин:*

| Единица мерка мм | | Број на | Текстура |
|---|---|---|---|
| Прва дим. | Втора дим. | парчиња | битна (1) |
| 1000 | 500 | 1 | 1 |
| 500 | 1000 | 1 | 1 |
| | | | |

*Во ова поле се пополнува димензијата со правецот на годовите/должината*

*Во ова поле се пополнува ширината на парчето*

*Овде се пишува бројот на парчиња за таа димензија*

*Овде се бележи дали парчето треба да го задржи правецот на годовите. Внесете:*

*1 - Ако треба да се задржи правецот на годовите*

*0 (нула) - Ако **НЕ** треба да се задржи правецот на годовите*

*НАПОМЕНА:*

**Димензиите на парчињата се внесуваат во милиметри;**

*Се внесуваат крајните димензии на парчињата заедно со АБС траката. Пример: ако Ви е потребна крајна димензија на парче 1000 x 500мм, тогаш внесувате 1000 x 500мм.*

*НАПОМЕНА:*

*Кога се работи за декор составен од една боја и декор кој нема правец, ова поле не се пополнува или се пополнува со 0 (нула).*

*Ова го правиме за подобра оптимализација на таблите за кроење.*

***Во овие полиња се пополнуваат страните на парчињата кои треба да се искантираат со АБС трака.***

*Секое парче има четири страни кои може да се искантираат. Две страни по должина и две страни по ширина.*

*Прва димензија = Должина* *Втора димензија = Ширина*

| Прва димензија кант | | Втора димензија кант | |
|---|---|---|---|
| Страна 1 | Страна 2 | Страна 1 | Страна 2 |
| | | | |
| | | | |







*АБС траките имаат разни дебелини: 0,5мм, 1мм, 2мм. Некои декори на плочи може да ги имаат сите три дебелини на АБС трака, а некои само една дебелина.*

*Системот на бележење е следниот. Внесувате:*

*1 - Ако сакате страната да ја искантирате со 0,5мм*

*2 - Ако сакате страната да ја искантирате со 1 или 2мм на АБС трака*

*3 - Доколку имате трет тип на АБС трака*

| Прва димензија кант | | Втора димензија кант | |
|---|---|---|---|
| Страна 1 | Страна 2 | Страна 1 | Страна 2 |
| 1 | | 1 | 1 |
| 2 | 2 | 2 | 2 |

*Во првиот ред имаме парче 1000 x 500мм, со битен правец на годовите, а се кантира со АБС трака со дебелина од 0,5мм од три страни. Се кантира една страна Должина и две страни Ширина.*

*Во вториот ред имаме парче 500 x 1000мм, со битен правец на годовите, а се кантира со АБС трака со дебелина од (пример)1мм од четири страни.*



*Прво парче*



*Второ парче*

*НАПОМЕНА:*

*Дебелините на АБС траките и ширините на декорите може да ги најдете на означените јазичиња долу во Excel документот, или на нашата веб страна.*

***Во овие полиња се обележуваат парчињата кои имаат дополнителни обработки на ЦНЦ машина (ровер).***

*Се внесуваат забелешки од типот: Шарки, Перфорации, Нут, или Слика 1 (доколку имате нацртано цртеж кога сакате парчето да се исече во неправилна форма).*

*Ако парчињата немаат доработки, полињата не ги пополнувате.*

*НАПОМЕНА:*

*Понудените услуги може да ги погледнете во јазичето долу во Excel документот.*

| Дополнително (Ровер) |
|---|
| |
| Sarki 2 |

*Во овој случај ни кажува дека второто парче, кантирано од четири страни со АБС трака од 1мм се бушат две дупки за шарки.*

*Бидејќи не знаеме на кои страни треба да бидат направени дупките, треба да ни приложите цртеж на посебен лист, заедно со други цртежи (доколку ги има).*




*НАПОМЕНА:*

*Услугите може да ги погледнете во јазичето долу во Excel документот.*

*Во овие јазичиња ги пополнувате Вашите кројни листи со различни плочи во Excel документ. На располагање Ви се четири листи, но секогаш може да ги ДУПЛИРАТЕ јазичињата. Во рачно пишани обрасци употребете повеќе листови и сликани испратете ги на нашиот емаил или Вибер контакт.*

Шема 1 | Шема 2 | Шема 3 | Шема 4 | Кроношпан | SM`Art | АГТ | Дуропал | Фурнир | Плотни | Услуги | Песонит

***За помош при пополнување на табелата или информации околу производот јавете се на следниот број.***

***070 259 203***